KOMPAS
JUGOSLAVIJA

Art KOMPAS

ГАЛЕРИЈА Скопје

# ЈАКОВ ВАНЧО



**Трговски центар – Скопје, четврток 16.11.1989 г. 19,30 часот**

## ОД ЛИРИЧНОСТА КОН ГЕОМЕТРИЗМОТ

Американецот Адолф Готлиб за својата уметничка работа го има кажано следното: „Јас се занимавам со проблемот на тешко дофатливите и непостојани ликовни облици што за мене имаат чувствена стојност. Најважно е, всушност, да се пренесе ликовниот облик онака како што се појавува пред нас, без изобличување. Да се измени, би значело да се фалсификува". Тешко дофатливите и непостојани облици за кои зборува Готлиб, исконски предизвик за човекот-креатор, во сликарството на Ванчо Јаков се третирани троично – лирично, експресивно и апстрактно, во најширока смисла на одредниците лирика, експресија и апстракција. Тоа е комплекс што се однесува на овој модерен ликовен јазик застапен на 15-те експонати на изложбата, комплекс што би можел да ја обележи секоја слика и секој потег на авторот.

Лиричноста, не така блиска на модерната уметност, е пред сé еден суптилен третман на бојата, која, и покрај скромната бројна застапеност, односно своевидна спектрална редукција, доживува полна нијансна застапеност.

И втората карактеристика на сликарството на Ванчо Јаков, експресивноста, својствена понагласено на мистичните пејсажи, се однесува како и лирскиот колоризам на авторовата емотивност и неговиот светоглед. Култивираниот третман на бојата и загатливите облици во сооднос се со скепсата на модерниот човек, кој, токму низ ваков ликовен јазик, го изразува својот протест. Немирот на бивствувањето така се претопува во дела полни со боја ослободена од канонските на класичното.

Доаѓаме до третата карактеристика – апструкцијата, која се однесува на проучувањето и претставувањето на устројството на облиците. Кога би сакале да ја сместиме апстракцијата на сликарството на Јаков во нововековните уметнички струења, би рекле дека е еден одек на емоционалното апстрактно сликарство од пред три децении.

На изложените платна може да се „прочита" одредено растење. Со првите сликарски потези Јаков создава една лирска колористичка хармонија, асоцијативна и не толку блиску до чистата апстракција. Следниот чекор е згуснување на бојата и хомогенизација и зацврстување на обликот. Натамошната насоченост била неизбежна. Јаков се движи, значи, од една безобличност кон т.н. организиран хаос, а од тука кон построг геометарски свет и конечно, како да се затвора кругот, но овој пат на едно повисоко рамниште, да се стаса до обединување на енигматичкиот мотив – пејсажот, геометризмот и лирскиот колоризам.

Времето ќе покаже дали возбудливите лирски колористички и јасни геометарски истражувања ќе дадат нешто ново. Она што го презентира Ванчо Јаков на својата прва самостојна изложба, сепак, ни дозволува да кажеме дека, и покрај редуцираниот пиктографски речник, и покрај скромната авторска ликовна иконографија, оваа уметност со својата естетика има што да каже за денешницата. Строгата архитектоника на формите, суптилниот колоризам и мистичните предели дејствуваат силно врз сетилата на гледачот, а ритамот на овие дела како да го повторува отчукувањето на модерната цивилизација, цивилизација што се развива по прецизен план и што продуцира софистицирана уметност. Пулсот на уметноста на нашето време можеме да го почувствуваме токму на оваа изложба.

**Стојче Наумов**

## Јаков Ванчо,

Роден во Кавадарци 1964 година. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1987 година во класата на проф. Родољуб Анастасов.
Адреса: ул. „Неделко Шариќ" бр. 123а, Бутел I, Скопје
Телефон: 216-231

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

*Интервенција во простор во чест на Рембрант „Месарница" Баце, Скопје 1984.*

*„III биенале на Југословенскиот студентски цртеж" Белград 1985.*

*„Млади ликовни творци во Македонија", Музеј на Македонија, Скопје 1986.*

*„Заедно", Манифестација на РУ „Ѓуро Ѓаковиќ", Сараево 1987.*

*Ликовна колонија на младите, Ивањица 1987.*

*Изложба на дипломираните студенти 1987-1988 ФЛУ Скопје, Дом на ЈНА 1988.*

*„ДЛУМ во Белград", Дом на ЈНА, Белград 1988.*

*„ДЛУМ XLIII", Уметничка галерија „Даут-пашин амам". Скопје 1988.*

*Сликарство – мал формат, Центар за култура и информации, Скопје 1988.*

*Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ Скопје, Уметничка галерија „Даут-пашин амам", Скопје 1989.*

*2. Биенале на младите, Музеј на современата уметност Скопје 1989.*

### НАГРАДИ:

*Награда за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје за 1987 година.*

Одговорен уредник: Арсение Јаневски
Организ. на изложбата: Биљана Караѓозовска Милорадовиќ